Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД**

Се прогласува Законот за ученичкиот стандард,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јуни 2005 година.

Бр. 07-2476/1
23 јуни 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за ученичкиот стандард како дел од системот на воспитанието и образованието.

### Член 2

Ученичкиот стандард се остварува во јавни установи за ученички стандард кои се организираат како јавен ученички дом (општински, односно ученички дом на градот Скопје и државен дом) и приватен дом, како и преку стипендирање на учениците.

Установите за ученички стандард од ставот 1 на овој член (во натамошниот текст: ученички домови) се основаат за остварување на интереси и потреби за престој на учениците кои учат надвор од местото на живеење.

Дејноста на ученичките домови е од јавен интерес.

Ученичките домови имаат својство на правно лице и се запишуваат во судскиот регистар.

### Член 3

Секој редовен ученик, под еднакви услови утврдени со овој закон, има право да престојува во ученички дом.



www.pravdiko.com

Член 4

Воспитно-образовната дејност во ученичкиот дом се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

За припадниците на заедниците кои следат воспитно-образовна работа на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, истата се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 5

Во ученичкиот дом е забранeто верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување.

Во просториите на ученичкиот дом се забранува истакнување на партиски и верски обележја.

Член 6

Ученичкиот дом има печат.

Во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а од страната името на Република Македонија и седиштето на ученичкиот дом.

Член 7

Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), во согласност со развојните документи го планира и утврдува развојот на ученичкиот стандард.

Член 8

Под ученички стандард, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, стипендии, како и задоволување на работните, културните, воспитнообразовните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на учениците.

Ученичкиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за воспитание и образование на учениците, стипендирање и друго.

Член 9

Ученички дом е установа која на учениците им обезбедува сместување, исхрана, воспитно-образовна работа, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

Ученички дом за ученици од средното образование може да се основа како самостоен правен субјект или во состав на средно училиште.

Доколку ученик не може да се смести во ученички дом, општината од каде што доаѓа ученикот може да организира сместување во приватен ученички дом или семејство.


www.pravdiko.com

## II ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

### Член 10

Општински ученички дом може да основа општината.

Одлука за основање на општински ученички дом донесува советот на општината по претходно прибавено мислење од Владата.

Ученички дом на градот Скопје може да основа Советот на градот Скопје.

Одлука за основање на ученички дом на градот Скопје донесува Советот на градот Скопје по предлог на советот на општината во градот Скопје, а по претходно прибавено мислење од Владата.

Државен ученички дом може да основа Владата за категории на ученици за кои има посебен интерес.

Приватен ученички дом може да основа домашно или странско правно и физичко лице врз основа на одобрение, согласно со овој закон.

### Член 11

Услови за основање ученички дом се:

- да постојат потреби на државата;

- да постојат потреби на општината или на општините во градот Скопје; -

доволен број ученици според утврдени нормативи и стандарди;

- да се обезбедат потребни средства за основање и работа;

- да се донесат планови и програми за воспитно-образовна работа и друга работа со учениците;

- да се обезбеди опрема, простор и соодветен воспитен кадар и -

други услови определени со овој или друг закон.

Условите наведени во ставот 1 алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член важат и при основање на приватни ученички домови.

Утврдените нормативи и стандарди за бројот на учениците од ставот 1 алинеја 1 на овој член, како и нормативите за опрема, простор и соодветен воспитен кадар од ставот 1 алинеја 6 на овој член ги донесува министерот надлежен за работите од областа на образованието (во натамошниот текст: министерот) по предлог на Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).

### Член 12

Одобрението од членот 10 став 6 на овој закон го дава министерството надлежно за вршење на работите од областа на образованието (во натамошниот текст: министерството), по претходно мислење од Државниот просветен инспекторат, доколку се исполнети условите утврдени во членот 11 став 1 алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон.

Издавањето на одобрението се врши врз основа на поднесено барање на правното, односно на физичкото лице (во натамошниот текст: основач).

### Член 13

Со одобрението од членот 10 став 6 на овој закон министерството утврдува:

- потребниот воспитен кадар, опрема и простор според утврдени стандарди и нормативи;



www.pravdiko.com

- бројот на учениците;

- јазикот на кој ќе се изведува воспитно-образовната работа; -

програмата за воспитно-образовната дејност и

- почеток со работа на приватната установа.

Член 14

Основачот е должен при основањето на ученички дом да формира комисија која во согласност со овој и друг закон извршува подготовка за работа на домот.

Член 15

Ученичкиот дом може да отпочне со работа откога министерството ќе донесе решение за верификација.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до второстепената комисија на Владата од соодветната област.

Министерството води Централен регистар на ученичките домови основани на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар).

Секоја општина и градот Скопје за своето подрачје води регистар на општински ученички домови и на домовите на градот Скопје и за тоа доставува податоци до министерството.

Поблиски прописи за начинот на верификацијата на ученичкиот дом, како и содржината, формата и начинот на водење на регистрите од ставовите 3 и 4 на овој член ги пропишува министерот.

Податоците од регистрите на општините и на градот Скопје кои се доставуваат до министерството се внесуваат во Централниот регистар.

Член 16

Министерството може до го одземе одобрението по предлог на Државниот просветен инспекторат, ако :

- основачот основа приватна установа спротивно на актот од членот 13 на овој закон и

- се утврди дека приватната установа повеќе не ги исполнува условите од членот 11 став 1 алинеи 3, 4, 6 и 7 на овој закон или не ги спроведува одредбите на овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.

Одобрението може да престане и по барање на основачот.

Член 17

Со денот на донесувањето на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот ученички дом престанува со работа.

Врз основа на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот ученички дом се брише од регистрите од членот 15 ставови 3 и 4 на овој закон.

Основачот е должен на учениците од приватниот ученички дом што престанал со работа да им обезбеди соодветно сместување и исхрана на трошок на основачот до крајот на образованието.

Член 18

Мрежата на јавните ученички домови ја утврдува Владата, по предлог на општините и на градот Скопје.



www.pravdiko.com

Член 19

Ученичкиот дом престанува со работа ако не се спроведуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.

Постапката за престанување на работа на државниот ученички дом ја покренува и води министерството, на предлог на Државниот просветен инспекторат.

Постапката за престанување на работа на општинскиот ученички дом, односно на градот Скопје, ја покренува и води основачот на предлог на Државниот просветен инспекторат и во согласност со министерството.

Основачот на ученичкиот дом донесува акт за престанување со работа на ученичкиот дом и тој е должен на учениците да им обезбеди соодветно сместување и исхрана на трошок на основачот до крајот на образованието.

Ученичкиот дом, по донесување на актот од ставот 4 на овој член престанува со работа и се брише од регистрите од членот 15 ставови 3 и 4 на овој закон.

Актот за престанување со работа на ученичкиот дом од ставот 4 на овој член се објавува во ,,Службен весник на Република Македонијао, а за општинските ученички домови и во службениот гласник на општината, односно градот Скопје.

Основачот по донесувањето на актот за престанувањето со работа на ученичкиот дом, во рок од три дена од денот на донесувањето на актот, го известува надлежниот регистарски суд за бришење на ученичкиот дом од судскиот регистар.

## III ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Член 20

Воспитно-образовната работа во ученичкиот дом се остварува според план и програма за остварување на дејноста.

Со планот и програмата за воспитно-образовна дејност се утврдуваат целите и задачите на воспитно-образовната работа, педагошките услови, основните подрачја на воспитнообразовната работа во ученичките домови, образовните стандарди и профилот на кадарот што ја реализира програмата.

Образовните стандарди на предлог на Државниот испитен центар ги донесува министерот.

Член 21

Планот и програмата за воспитно-образовната работа се изработуваат според модел на програми кој на предлог на Бирото го донесува министерот. Во моделот се утврдува и флексибилноста во реализацијата на воспитно-образовните подрачја и теми.

Член 22

Воспитно-образовната работа во ученичкиот дом се остварува во учебни години.

Учебната година во ученичкиот дом почнува и завршува како што е уредено со соодветните закони од областа на образованието.

Во случај на прекин на воспитно-образовната работа, во ученичкиот дом се обезбедуваат минимални услови за работа кои се утврдуваат со упатство што го донесува министерот.



www.pravdiko.com

Член 23

Во ученичките домови не се изведува воспитно-образовна работа за време на ученичките одмори, на денот на домот, како и за време на државни празници, верски и други празници утврдени со закон.

На 24 Мај Денот на Св. Кирил и Методиј во ученичките домови се организираат културни, спортски и други манифестации и на тој ден не се изведува воспитно-образовна работа.

Припадниците на заедниците кои следат воспитно-образовна работа на јазик различен од македонскиот јазик го прославуваат традиционалниот ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации.

Член 24

Воспитно-образовната дејност во ученичките домови се организира и изведува во воспитни групи и индивидуално.

Бројот на учениците во воспитната група во ученичките домови не може да биде помал од 20 и поголем од 34 ученици.

Воспитната група може да се формира и со помал број ученици, по претходно добиена согласност од основачот во согласност со Државниот просветен инспекторат.

Бројот на учениците во воспитната група за ученици со посебни воспитно-образовни потреби изнесува до осум, а со комбинирани пречки до шест ученика.

Воспитна група за ученици со посебни воспитно-образовни потреби може да се формира и со помал, односно поголем број ученици, по претходно добиена согласност од основачот во согласност со Државниот просветен инспекторат.

Член 25

Работата во ученичките домови во текот на учебната година се утврдува со годишна програма.

Годишната програма за работа на државните ученички домови ја донесува управниот одбор на домот на предлог на советот на воспитувачите најдоцна до 15 септември, од тековната година, а ја усвојува министерството.

Годишната програма за работа на општинските ученички домови и на градот Скопје, ги донесува советот на општината и на градот Скопје, на предлог на управниот одбор на ученичкиот дом, најдоцна до 15 септември од тековната година.

Годишната програма за работа на приватните ученички домови, на предлог на советот на воспитувачите, ја донесува органот на управување на домот најдоцна до 15 септември од тековната година, а ја усвојува министерството.

Член 26

Министерот определува јавен ученички дом во кој се врши експеримент за воведување на нови облици и содржини на воспитно-образовна работа.

За изведување педагошко-методска практика на студентите од наставничките факултети министерот определува јавен ученички дом.



www.pravdiko.com

## IV УЧЕНИЦИ

### Член 27

Запишување и прием во општинските ученички домови, односно на градот Скопје, се врши по пат на конкурс кој го објавува министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март, по претходно доставени предлози од општините и од градот Скопје.

Запишување и прием во државните ученички домови се врши по пат на конкурс кој го објавува министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март.

Конкурсите од ставовите 1 и 2 на овој член се објавуваат во средствата за јавно информирање што се издаваат на македонски јазик и во средствата за јавно информирање што се издаваат на јазик различен од македонскиот јазик, а на кој се изведува воспитно-образовната работа во ученичкиот дом.

Поблиски критериуми за условите за прием, бројот на расположливите места, потребните документи и роковите за пријавување на конкурсот за запишување на учениците во ученичките домови се утврдуваат со конкурсите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Приемот на учениците во приватните ученички домови се врши по пат на конкурс, кој го објавува основачот.

### Член 28

Начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови се уредува со посебен акт што го донесува министерот.

### Член 29

Престојот во ученичкиот дом на ученикот му престанува, ако ученикот: -

го завршил образованието;

- не се запише во роковите што се определени со конкурсот; - се

испише;

- не го почитува куќниот ред и

- во други случаи утврдени со законите од образованието.

### Член 30

При користење на услугите во ученичките домови, ученикот е должен да ги извршува должностите утврдени со актите на ученичкиот дом.

Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските за ученикот можат да се применат педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од ученичкиот дом (забрана за користење на услугите во ученичкиот дом).

Отстранување од ученичките домови (забрана на користење на услуги во ученичкиот дом) може да се изрече до една година.

Изречената воспитна мерка влијае на редоследот и приемот на кандидатите при конкурирањето за прием во ученичките домови.

Против изречената воспитна мерка, ученикот има право на приговор во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката до управниот одбор на ученичкиот дом.

По приговорот од ставот 5 на овој член, управниот одбор на ученичкиот дом може педагошката мерка да ја потврди, да ја измени или укине.

Одлуката по приговорот е конечна.



www.pravdiko.com

Член 31

Начинот на изрекување на педагошките мерки поблиску се уредува со акт што го донесува министерот.

Член 32

Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

## V ВОСПИТУВАЧИ И СОРАБОТНИЦИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Член 33

Планот и програмата на воспитно-образовната работа во ученичките домови ги реализираат воспитувачи и стручни соработници во воспитно-образовната работа (педагог, психолог и библиотекар).

Воспитувачите во ученичките домови ја вршат воспитно-образовната работа со учениците и ги остваруваат целите и задачите на програмата.

Стручните соработници во ученичките домови работат на педагошко-психолошките, библиотекарските и други стручни работи со кои се придонесува во воспитно-образовната работа.

Воспитувач во ученичкиот дом може да биде лице кое завршило соодветни додипломски студии на факултет, стекнал звање CBachelorм и има положено стручен испит.

Воспитувачи во ученичките домови можат да бидат и лица кои завршиле додипломски студии на факултет, стекнале звање C,Bachelorм и педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.

Воспитувачи во ученичките домови за ученици од средното образование со посебни воспитно-образовни потреби можат да бидат лица со завршено високо образование од ставовите 2, 3, 4 и 5 на овој член, а кои се здобиле со дефектолошка, педагошко-психолошка и методска подготовка и имаат положено стручен испит.

Програмите за педагошко-психолошката и методската подготовка како и за соодветна дефектолошко-психолошка и методска подготовка од ставот 6 на овој член ги изготвува соодветниот наставен факултет во соработка со Бирото.

Стручен соработник во ученичките домови може да биде лице со завршено соодветно високо образование согласно со ставовите 4 и 5 на овој член. Соодветноста на профилот се утврдува со плановите и програмите за воспитно-образовната работа.

Видот на образованието на лицата кои остваруваат воспитно-образовна дејност се утврдуваат со норматив за воспитувачи во ученичкиот дом што го донесува министерот.

Воспитувачите од овој член треба да се државјани на Република Македонија и да го владеат литературниот јазик и писмото на кој ја изведуваат воспитно-образовната дејност.

Ученичкиот дом е должен да организира проверка на воспитувачот и стручниот соработник за владеење на јазикот од ставот 11 на овој член. Проверката ја врши комисија која ја формира директорот.

Член 34

Изборот на воспитувачи и стручни соработници, по пат на јавен оглас, го врши директорот на ученичкиот дом по предлог на конкурсна комисија, а за приватните ученички домови, органот што го овластува основачот.



www.pravdiko.com

Јавниот оглас за засновање на работен однос се објавува најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

При изборот на воспитувачи, стручни соработници и друг ненаставен кадар во државните и општинските ученички домови, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

Член 35

Воспитувачите и стручните соработници во ученичките домови можат да засноваат работен однос на определено време и без јавен оглас, но работниот однос да не трае повеќе од три месеца во текот на учебната година.

Член 36

Воспитувач и стручен соработник во ученичкиот дом може да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година, доколку по објавен оглас не може да се избере воспитувач и стручен соработник кој ги исполнува условите утврдени со закон или доколку обемот на работата изнесува најмногу половина од работното време во работната недела утврдена со закон.

Воспитувач и стручен соработник може да заснова работен однос на неопределено време, но пократко од полното работно време, доколку обемот на работата изнесува најмалку половина од работното време во работната недела утврдена со закон.

Член 37

Вработените во ученичките домови мораат да бидат лекарски прегледани до почетокот на учебната година, на секои три години.

На лице кое боледува од душевна болест, алкохолизам и наркоманија му престанува работниот однос во ученичкиот дом на начин утврден со закон.

Утврдувањето на психофизичките способности на вработените во ученичките домови, односно заболеноста од одредени душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со Законот за здравствена заштита.

Член 38

Распоредот на работното време на воспитувачите и стручните соработници во рамките на 40-часовна работна недела се утврдува со нормативи што ги донесува министерот, во согласност со закон.

Почетокот и завршувањето на работното време, користењето на дневниот и годишниот одмор на воспитувачите и стручните соработници во јавните ученички домови се утврдува со акт на домот.

Член 39

Воспитувачот и стручниот соработникот кој за прв пат се вработува во јавниот ученички дом е приправник.

Приправничкиот стаж трае една година.

Со приправничкиот стаж воспитувачот и стручниот соработник се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна работа.



www.pravdiko.com

Член 40

Приправникот во јавниот ученички дом полага стручен испит.

Стручниот испит се полага според утврдена програма пред стручна комисија формирана од министерот.

Начинот на полагање на стручниот испит во јавниот ученички дом поблиску го пропишува министерот.

Член 41

Директорот, воспитувачот и стручниот соработник во текот на својот работен век се должни перманентно стручно и педагошки да се усовршуваат.

Стручното и педагошкото усовршување го организира и остварува Бирото, факултетите со наставнички групи и други специјализирани јавни и приватни установи.

Облиците, начинот и постапката за стручно и педагошко усовршување, се пропишуваат со акт што го донесува министерот.

Член 42

Во јавните ученички домови за самостојно извршување на работите и задачите и осовременување на воспитно-образовната работа, воспитувачите и стручните соработници се оценуваат на четири години.

Резултатите од оценувањето овозможуваат стекнување на соодветно звање.

Воспитувачот и стручниот соработник кои се незадоволни од оцената од ставот 1 на овој член имаат право на жалба до министерството.

Условите, начинот на оценувањето, оцената за работа, видот и стекнувањето на звањата поблиску ги пропишува министерот.

Член 43

За воспитувачите и стручните соработници кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото, советот на родители и Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до управниот одбор за преиспитување на способност за реализација на работните обврски.

Иницијативата од ставот 1 на овој член мора да содржи образложение на причините поради кои се покренува.

Доколку ја прифати иницијативата од ставот 1 на овој член, управниот одбор до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на лицата од ставот 1 на овој член.

Член 44

На воспитувачот и стручниот соработник за чија работа потребата престанала поради економско-технолошко, структурално и друго унапредување, не може да му престане работниот однос додека не му се обезбеди едно од правата согласно со закон и колективен договор.

Начинот и критериумите за прогласување технолошки вишок се утврдуваат со колективен договор.



www.pravdiko.com

Член 45

При промена во обемот на работата во јавниот ученички дом што се јавуваат поради промени во плановите и програмите, организацијата на работа, бројот на воспитните групи и други промени, работниот однос на воспитувачот и стручниот соработник се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време пократко од полното работно време и обратно.

Директорот е должен во случаите од ставот 1 на овој член со воспитувачот и стручниот соработник да склучи нов договор за работа.

## VI ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Член 46

Педагошка документација, во смисла на овој закон, е главната книга на учениците.

Главната книга на учениците е документ од трајна вредност.

Член 47

Педагошката документација во ученичките домови се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо.

За припадниците на заедниците кои воспитно-образовната работа ја следат на јазик различен од македонскиот јазик, педагошката документација се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува воспитно-образовната работа.

Во ученичките домови се води педагошка евиденција.

Педагошката евиденција опфаќа: дневник за работа, дневник за воспитна група, како и други планирања во воспитно-образовната работа.

Дневникот на воспитната група се води на јазикот и писмото на кој се изведува воспитно-образовната работа.

Член 48

Поблиски прописи за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во ученичките домови донесува министерот.

## VII НОРМАТИВА И ЦЕНА ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Член 49

Цената за престојување во ученичките домови, односно семејствата се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди на овој вид услуги.

Основачот на ученичкиот дом за учениците кои учат во јавни средни училишта, а се сместени во јавен ученички дом, односно семејство партиципира најмалку 50% од утврдената цена од ставот 1 на овој член, а разликата до вкупната цена ја доплаќа родителот, односно старателот.

Доколку министерството, општината, односно градот Скопје на учениците кои учат во јавни средни училишта не може да им обезбеди сместување во јавен ученички дом, истите може да ги смести во приватен ученички дом и за нив да партиципира во цената за пре-



www.pravdiko.com

стој со најмалку 50% од утврдената цена согласно со ставот 1 на овој член, а разликата до вкупната цена ја доплаќа родителот, односно старателот.

Нормативите и стандардите од ставот 1 на овој член ги донесува министерот, по предлог на стручна комисија составена од министерот.

Министерот со посебен акт ги уредува правилата и нормите за сместување во семејството од ставот 2 на овој член.

Член 50

Висината на цената за престојот во државните ученички домови ја предлага управниот одбор, а ја потврдува министерот.

Висината на цената за престојот во општинските ученички домови и на градот Скопје, ја предлага управниот одбор, а ја потврдува советот на општината, односно на градот Скопје.

Висината на цената за престојот во приватниот ученички дом ја определува органот определен од основачот.

Член 51

Поблиски прописи за исхрана на учениците во ученичките домови донесува министерот, по предлог на стручна комисија формирана од министерот.

Член 52

Родителот, односно старателот на ученикот со ученичкиот дом склучува договор за користење на услугите.

Со договорот за користење се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на учениците со ученичкиот дом.

VIII СТИПЕНДИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Член 53

Со цел откривање, стимулирање и негување на надарени ученици од различни области на науката, техниката, култура, уметноста и спортот, министерството ќе доделува стипендии на учениците.

Член 54

Доделување на ученички стипендии се врши врз основа на конкурс кој го објавува министерството.

Конкурсот од ставот 1 на овој член ги содржи: условите и критериумите, бројот и висината на стипендиите, како и потребните документи и рокови за доделување на стипендии.

Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите, на предлог на министерството, донесува Владата.

Член 55

Корисници на ученички стипендии можат да бидат редовни ученици, државјани на Република Македонија, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со конкурсот.



www.pravdiko.com

Член 56

Министерството може да доделува стипендии на странски државјани согласно со одлука на Владата.

Член 57

Министерството може да партиципира со средства во здруженија, сојузи, научни институции, училишта и други организации кои создаваат услови за откривање, стимулирање, проширување и продлабочување на знаењата од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот кај учениците.

Министерството може да партиципира средства во стручни организации и здруженија кои ќе создаваат услови преку организирани програми за настапи на разни олимпијади, натпревари, изложби и слично да се афирмираат способностите и талентираноста на младите.

## IX УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Член 58

Орган на управување во јавниот ученички дом е управниот одбор.

Управниот одбор во јавните ученички домови е составен од седум члена, и тоа: двајца претставници од воспитувачите и стручните соработници, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот и еден претставник од министерството.

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците, од основачот и од министерството не можат да бидат именувани од редот на вработените во јавниот ученички дом.

Претставниците на основачот за државните ученички домови ги именува и разрешува Владата, а за општинските и домовите на градот Скопје, советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува советот на родителите, претставниците на воспитувачите и стручните соработници ги именува и разрешува советот на воспитувачите, а претставниците од министерството ги именува и разрешува министерот.

Членовите на управниот одбор, освен претставниците на родителите, односно старателите на учениците се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците се именуваат за период додека престојува ученикот во ученичкиот дом.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

Член 59

Управниот одбор на државниот ученички дом: -

донесува статут;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работата до министерството;

- предлага годишен финансиски план до министерството; -

предлага завршна сметка до министерството;

- објавува јавен оглас за избор на директор;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- врши избор на директор од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор;

- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 43 на овој закон;

- одлучува по приговори и жалби на вработените од ученичкиот дом;

- одлучува по жалби на ученици, родители, односно старатели на ученици и

- разгледува и други прашања утврдени со статутот на државниот ученички дом.

Член 60

Управниот одбор на општинскиот ученички дом, односно ученичкиот дом на градот Скопје:

- донесува статут;

- предлага годишна програма за работа и поднесува извештај за работата на усвојување до општината, односно до градот Скопје;

- предлага годишен финансиски план до основачот;

- предлага завршна сметка до основачот;

- објавува јавен оглас за избор на директор;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор му предлага на градоначалникот на општината и на градот Скопје еден кандидат;

- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 43 на овој закон;

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените од ученичкиот дом;

- одлучува по жалби на ученици, родители, односно старатели на ученици и -

разгледува и други прашања утврдени со статутот.

Член 61

Органот на управување во приватниот ученички дом и неговата надлежност ги определува основачот.

Член 62

Директорот е раководен орган на ученичкиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на домот.

За директор на ученичкиот дом се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и условите за воспитувач и стручен соработник во воспитно-образовната работа, има високо образование и најмалку пет години работно искуство во установа за воспитно-образовна работа верифицирана од министерството и положен испит за директор.

По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.



www.pravdiko.com

Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот 3 на овој член, му престанува мандатот на директор.

Испитот за директор од ставот 2 на овој член се полага пред стручна комисија формирана од министерот, составена од претставници од стручните органи на министерството и универзитетите.

Стручната комисија на кандидатот кој го положил испитот му издава уверение за положен испит за директор.

Мандатот на комисијата е две години со право на уште еден избор.

Програмата за полагање на испит за директор ја донесува министерот, на предлог на комисијата од ставот 5 на овој член.

Министерството акредитира установи за вршење на подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор.

Акредитацијата се врши врз основа на поднесено барање од установата.

Установата која поднесува барање за акредитација треба да ги исполнува следниве услови:

- да има ангажирано најмалку пет лица со стекнато звање доктори, односно магистри на наука од областа на образованието и воспитанието, како и стручни лица кои имаат познавања на законите и другите прописи од областа на образованието и финансиите и

- да обезбеди соодветно опремени простории со информатичка технологија и други наставни помагала за современа реализација на подготовките.

За установата која ги исполнува условите од ставот 11 на овој член, министерот донесува решение за акредитација на установа за вршење на подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор.

Против решението за одбивање на акредитација на установата за вршење на подготовка на кандидатот за полагање на испит за директор, може да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата.

Акредитацијата на установата за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор е со важност од две години.

Установата која се акредитира за вршење на подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор се евидентира во министерството.

Трошоците за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на акредитираната установа. Трошоците за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на министерството.

Мандатот на директорот на јавниот ученички дом трае четири години со право на повторен избор.

Директорот на општинскиот ученички дом се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

Директорот на ученичкиот дом на градот Скопје се избира и разрешува од градоначалникот на градот Скопје, согласно со овој закон.

Директорот на државниот ученички дом се избира и разрешува од управниот одбор по претходна согласност од министерството, согласно со овој закон.

Директорот на приватниот ученички дом го именува и разрешува основачот.

Постапката и начинот на полагањето на испитот за директор, како и содржината и формата на образецот на уверението, ги пропишува министерот.



www.pravdiko.com

Член 63

Директорот на ученичкиот дом ја организира и раководи воспитно-образовната и друга работа, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон и актите на ученичкиот дом и го застапува пред трети лица.

Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот 1 на овој член директорот: -

предлага годишна програма за работа и презема мерки за нејзино спроведување; -

извршува одлуки на управниот одбор;

- врши избор на воспитно-образовен и друг кадар;

- предлага до основачот број на ученици кои треба да престојуваат во следната учебна година;

- одлучува за распоредување на вработените;

- одлучува за престанок на работниот однос на вработените;

- поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во воспитно-образовната работа по пат на утврдени стандарди од министерството и го доставува до управниот одбор, Бирото, министерството, односно основачот согласно со годишната програма и

- врши и други работи предвидени со закон, статут и други акти на ученичкиот дом.

Директорот на државниот ученички дом поднесува извештај за материјално-финансиското работење на ученичкиот дом до управниот одбор на државниот ученички дом и до министерството. Директорот на општинскиот ученички дом, односно директорот на ученичкиот дом на градот Скопје, поднесува извештај за материјално-финансиското работење на ученичките домови до управниот одбор на ученичките домови и до советот на општината, односно до Советот на градот Скопје.

Министерот, односно советот на општината и на градот Скопје, имајќи го предвид мислењето на управниот одбор, а врз основа на извештаите на директорите на ученичките домови, ја оценува нивната работа.

Член 64

Градоначалникот на општината, за општинските ученички домови, односно градоначалникот на градот Скопје, за ученичките домови на градот Скопје, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесуваат одлука, управниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.

За државните ученички домови управниот одбор три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука да распише јавен оглас за избор на директор.

Во објавениот јавен оглас во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до управниот одбор.

Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на ученичкиот дом.

Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите од статутот на ученичкиот дом.



www.pravdiko.com

Членовите на управниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор.

Управниот одбор на општинскиот ученички дом, односно на градот Скопје, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, до градоначалникот предлага еден кандидат за избор на директор.

Управниот одбор на државниот ученички дом, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на министерот кандидат за избор на директор и врши избор на директор.

Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот, врши избор на директор.

Доколку градоначалникот во рокот утврден во ставот 12 на овој член, не избере директор, е должен во рок од три дена да го извести управниот одбор со писмено образложение за причините.

Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од ставот 13 на овој член, на градоначалникот му доставува еден предлог за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивање на предлогот да го избере кандидатот предложен од управниот одбор.

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Второстепена комисија на Владата, надлежна за решавање на прашања од работните односи.

Против одлуката на Комисијата од ставот 16 на овој член, кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 65

Директорот на јавниот ученички дом може да биде разрешен од основачот: -

на лично барање;

- во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти, утврдени од страна на Државниот просветен инспекторат;

- ако не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа;

- ако по негова вина е нанесена штета на ученичкиот дом, учениците, односно на нивните родители или старатели и на општествената заедница;

- ако дозволи организирање дејности и активности што се во спротивност со плановите и програмите;

- ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на ученичкиот дом и

- во други случаи утврдени со закон.

Член 66

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот, спротивно од членот 63 на овој закон, управниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

Директорот има право во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.



www.pravdiko.com

Доколку управниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

Доколку управниот одбор оцени дека е неопходно, доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот.

Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот има право на жалба по однос на спроведување на постапката за разрешување до второстепена комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Против одлуката на Комисијата од ставот 5 на овој член, кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 67

Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во ученичкиот дом кој ги исполнува условите за директор.

Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Член 68

Директорот кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен не по своја вина пред истекот на мандатот за времето за кое е избран може да се распореди на работно место соодветно на неговата стручна подготовка на подрачјето во ученички дом на подрачјето на општината, односно на градот Скопје.

Член 69

Во јавните ученички домови се формира совет на воспитувачи како стручен орган за остварување на воспитно-образовната работа.

Советот на воспитувачи во јавните ученички домови го сочинуваат воспитувачите, стручните соработници и директорот.

Член 70

Советот на воспитувачите:

- разгледува прашања и дава мислење за подобрување на животот и работата на ученичкиот дом;

- дава мислење по предлогот на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;

- го разгледува успехот на учениците;

- го утврдува поведението на учениците;

- го разгледува остварувањето на планот и програмата и презема мерки за нивно извршување;

- го разгледува извештајот за извршен стручен надзор и предлага мерки; -

избира и разрешува претставници во управниот одбор и

- врши други работи утврдени со овој закон и статут на домот.

Член 71

Согласност на статутот на општинскиот, односно ученички дом на градот Скопје дава советот на општината.

Согласност на статутот на државниот ученички дом дава министерството.

Член 72

Во јавните ученички домови се формира совет на родители кој го сочинуваат претставници од родителите, односно старателите на учениците.

Советот на родители ги врши следниве работи:

- разгледува прашања и дава мислење за подобрување на животот и работата на ученичкиот дом;

- го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за негово подобрување;

- избира и разрешува претставници во управниот одбор; -

соработува со воспитувачите и

- врши и други работи од интересот за успехот и престојот на учениците во домот.

Работата, бројот на членовите, начинот на изборот и организацијата на советот на родители се утврдува со статутот на домот.

## X ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Член 73

Средства за финансирање на јавните ученички домови се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и со постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, како и од корисниците на услуги.

Средствата од ставот 1 на овој член се распределуваат на општините каде што е седиштето на домот, по пат на блок дотации и наменски дотации согласно со одредбите утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Член 74

Општината и градот Скопје, добиената блок дотација, односно наменска дотација од средствата од буџетите на Република Македонија за ученичките домови, може да ја до-полни со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во ученичките домови.

Член 75

Ученичките домови можат да стекнуваат средства и од: -

партиципација на корисниците на услуги;

- продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна дејност и

- легати, донации, завештанија и други извори.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се користат согласно со финансискиот план на ученичкиот дом.



www.pravdiko.com

## XI НАДЗОР

Член 76

Надзор над законитоста на работата на ученичкиот дом врши министерството.

Член 77

Кога министерството ќе оцени дека статутот или друг акт на ученичкиот дом не е во согласност со Уставот и со закон, ќе го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

Член 78

Стручен надзор во ученичкиот дом врши Бирото на начин утврден со закон.

Ученичкиот дом е должен да овозможи непречено вршење на стручниот надзор и увид во педагошката евиденција и документација што се води во домот.

Член 79

За извршување на закон и други прописи кои се однесуваат на ученичкиот стандард се врши инспекциски надзор.

Инспекциски надзор врши Државниот просветен инспекторат и овластени инспектори на општината, односно градот Скопје на начин утврден со закон.

Државниот просветен инспекторат врши и надзор над квалитетот на воспитно-образовниот процес во ученичкиот дом.

Член 80

При вршењето на надзорот над работата на органите на општините и на градот Скопје, министерството ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината и на градот Скопје, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон;
- оценува дали органите на општините и на градот Скопје обезбедуваат надлежностите на општината да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
- им укажува на органите на општините и на градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба;
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општините и на градот Скопје, кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од областа на ученичкиот стандард од локално значење;
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општините и на градот Скопје, во рамките на овој закон на барање на органите на општината;
- го следи навременото донесување на прописите на општините и на градот Скопје предвидени со овој закон;
- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и презема мерки во согласност со овој закон;



www.pravdiko.com

- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите на општините и на градот Скопје, предвидени со овој закон, на барање на органите на општините и на градот Скопје;

- го следи остварувањето на јавноста на работата на органите на општините и на градот Скопје, во остварувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон, а особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните;

- го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општините и на градот Скопје и

- навремено ги известува органите на општините и на градот Скопје, за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

Член 81

Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности од членот 80 на овој закон органите на општините и на градот Скопје, не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нивна надлежност и за чие извршување е одговорна општината и градот Скопје, по сила на овој закон им се одзема вршењето на работите.

Вршењето на одземените работи од ставот 1 на овој член, го презема министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

Министерството вршењето на работите од надлежност на општината и на градот Скопје, ги врши во име и за сметка на општината, односно градот Скопје.

За одземањето и преземањето на работите од ставовите 1 и 2 на овој член министерството ги известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## XII КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 82

Со парична казна од 40.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок ученичкиот дом особено, ако:

- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации и се истакнат партиски и верски обележја;

- отпочне со вршење на дејноста пред донесувањето на решение за исполнетоста на условите за почеток со работа и вршење на дејноста;

- користи печат со несоодветна содржина;

- остварува план и програма што не е донесена од министерот; - не

го остварува годишниот број на часови;

- не е донесена годишна програма за работа;

- изврши избор на воспитувачи и стручни соработници спротивно на условите утврдени со овој закон;

- го спречи или попречува просветниот инспектор во вршењето на работите на просветната инспекција, не му ги даде потребните податоци и не ги изврши пропишаните мерки;

- доколку не склучи нов договор за работа и

- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план.

Со парична казна од 1.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот 1 на овој член директорот на ученичкиот дом.



www.pravdiko.com

Член 83

Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни воспитувач или друг работник, ако:

- телесно казни ученик, односно психички го малтретира и

- педагошката документација и евиденција ја води спротивно на одредбите на овој закон.

Член 84

Со парична казна од 40.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако основа приватна установа спротивно на одредбите од овој закон.

Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот 1 на овој член и одговорното лице во правното лице.

## XIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 85

Постојните државни ученички домови, продолжуваат со работа како општински ученички домови односно ученички домови на градот Скопје, согласно со одредбите на овој закон од 1 септември 2007 година.

Член 86

Основачките права и обврски спрема ученичките домови од членот 85 на овој закон ги преземаат општините, односно градот Скопје, за ученичките домови на своето подрачје од 1 септември 2007 година.

Правото на сопственост на објектите и имотот на ученичките домови од ставот 1 на овој член, со одлука на Владата се пренесува на општината, односно на градот Скопје за ученичките домови на своето подрачје од 1 септември 2007 година.

Член 87

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон вработените, архивата, опремата, документацијата и другите средства за вршење на работа од постојните ученички домови се преземаат од ученичките домови кои продолжуваат со работа како ученички домови на општината, односно на градот Скопје, согласно со членот 85 став 1 на овој закон.

Член 88

Ученичките домови во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и другите општи акти со одредбите на овој закон.

Член 89

За воспитувачите со работно искуство над десет години во училишта за ученици со посебни образовни потреби, кои претходно не се здобиле со дефектолошко образование, а се затекнати на денот на влегувањето во сила на овој закон, не се однесуваат условите утврдени во членот 33 став 6 од овој закон.



www.pravdiko.com

Член 90

Постојните директори на ученичките домови се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да положат испит за директор.

Доколку постојните директори не го положат испитот за директор во рокот утврден во ставот 1 на овој член, им престанува мандатот на директор.

Програмата за полагање на испит за директор, посебниот акт за постапката и начинот на полагањето на испитот за директор, како и формата и содржината на уверението предвидени во членот 62 од овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До добивањето на акредитација на установите од членот 62 став 9 на овој закон, подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор ќе ја вршат субјекти определени од министерството, избрани врз основа на јавен оглас, а согласно потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука и United States Agency for International Development.

Член 91

Поблиските прописи предвидени со овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.

Член 92

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонијао број 37/98 и 42/2003) што се однесуваат на ученичкиот стандард.

Член 93

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонијао, а членовите 10, 11, 12, 13, 14, 15, 18, 19, 25 став 3, 27 став 1, 49, 50, 58, 60, 64, 66, 67, 71, 73, 74, 79, 80, 81 , 88 и 89 од овој закон ќе се применуваат од 1 септември 2005 година.



www.pravdiko.com